АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
Република Северна Македонија
0202-658/4
13.09.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија, а согласно член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Црвен крст на Република Македонија (Сл. Весник бр. 101/2019), Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на својата седница одржана на 06.07. 2019 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за определување на денови за одбележување на традиционалните акции и манифестации и начинот на распределба на средства по основ на надоместок од доплатните поштенски марки

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се определуваат деновите за одбележување на традиционалните акции и манифестации уредени со Законот за изменување и дополнување на Законот за Црвен крст на Република Македонија, изворите на финансирање и начинот на распределба на средствата прибрани по основ на надоместок од доплатни поштенски марки.

**Член 2**

Согласно Законот, се утврдуваат денови за одбележување на следните традиционални акции и манифестации:

- „Недела на борба против ракот“, 1 – 8 март;
- „Недела на Црвениот крст“, 8 – 15 мај;
- „Недела на борба против градните болести и туберкулозата“, 14 – 21 септември;
- „Недела на борба против гладта“, 16 до 22 октомври;
- „Недела на борба против сидата“, 1 до 7 декември.

## II.ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 2.1. Извори на финансирање

**Член 3**

Средствата за одбележување на традиционалните акции и манифестации се обезбедуваат од надоместокот од доплатните поштенски марки кој изнесува 30% од номиналната вредност на доплатната марка за писма до 20 гр. на секоја поштенска пратка во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај.

Надоместокот го уплаќа Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта Скопје“ и други даватели на поштенски услуги на редовната сметка на Црвен крст на РМ во рок од 30 дена од денот на одржувањето на акцијата или манифестацијата.

Традиционалните акции и манифестации можат да се финансираат и од други извори.

**2.2. Намена на средства**

**Член 4**

Средствата се наменети за одбележување на традиционалните недели утврдени во член 2 од овој Правилник и тоа:

- Промотивни материјали (постери, флаери, банери, вредносни бонови и др.).
- Надомест на трошоци за услуги поврзани со реализација на активностите во текот на неделите.

**Член 5**

Средствата кои не се искористени за одредена традиционална недела се искористуваат за одбележување на истата недела во следната година.

**Евиденција на средствата**

**Член 6**

Евиденцијата на средствата ја води Службата за финансии и ревизија во стручната служба.

**III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 7**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во иста постапка, како и при негово донесување.

**Член 8**

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател,

проф.д-р Ромел Велев